**20240981893**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСООБРАЗНОСТА И ВИСИНАТА НА ПРОЦЕНТОТ НА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ВО СЛУЧАЈ НА НЕСООБРАЗНОСТ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директни плаќања во случај на несообразност.

Член 2

Несообразноста на задолжителните барања или услови и посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина се утврдува како отстапка согласно критериумите за сериозноста, повторувањето, обемот и времетраењето на евидентираната несообразност утврдени во Законот за земјоделство и рурален развој.

Врз основа на критериумите од ставот 1 на овој член, отстапувањата можат да бидат од помал, среден или голем обем.

Член 3

Отстапувањата од помал обем се оние кои не претставуваат ризик по јавното здравје на луѓето или животните согласно критериумите од член 2 став 1 од овој правилник.

Отстапувањата од среден и голем обем се оние кои што имаат последици врз поголем дел од земјоделското стопанство и/или надвор од границите на земјоделското стопанство, а чиишто последици не можат или е тешко да се санираат на краток рок и претставуваат непосреден ризик по јавното здравје и/или здравјето на животните.

Член 4

Висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на отстапувања од помал обем е од 1% до 3%, во случај на отстапувања од среден е 3%, а во случај на отстапувања од голем обем е од 3% до 5%.

---

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 1306/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 17 декември 2013 година за финансирање, управување и следење на заедничката земјоделска политика и укинување на Регулативите на Советот (ЕЕЗ) бр. 352/78, (ЕЗ) бр. 165/ 94, (ЕЗ) бр. 2799/98, (ЕЗ) бр. 814/2000, (ЕЗ) бр. 1290/2005 и (ЕЗ) бр. 485/2008 CELEX Број на прописот на ЕУ: 32013R1306 и Делегираната регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 640/2014 од 11 март 2014 за дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 1306/2013 на Европскиот парламент и на Советот во поглед на интегрираниот административен и контролен систем и условите за одбивање или повлекување на плаќањата и административни казни што важат за директните плаќања, поддршката на руралниот развој и вкрстената усогласеност. CELEX Бр.32014R0640.

Висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност утврдена по прв пат за секој од посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина од Правилникот за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Со секоја повторна несообразност, со истото барање за вкрстена сообразност, утврдениот процент на намалување на директните плаќања се зголемува три пати, согласно табелата за одредување на степенот на намалување на директните плаќања врз основа на занемарување, дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник, но најмногу до 15%.

Член 5

Доколку при контролната постапка, од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се утврди дека несообразноста е намерна или била намерно повторена, а со доставено писмено известување не може да се докаже спротивното, несообразноста се смета како несообразност со намера.

Несообразноста со намера по прв пат се утврдува на начин согласно Прилогот 1 на овој правилник во случаите наведени во Прилогот 3 кој е составен дел на овој правилник, додека пак во другите случаи, несообразноста со намера може да се утврди поради намерното повторување на несообразноста.

За несообразност со намера во смисла на ставовите 1 и 2 на овој член се смета и случајот кога при контролата на самото место, носителот на земјоделското стопанство не соработува со контролорите и не им дозволува пристап до производните објекти.

Во случај на несообразност со намера, вкупните директни плаќања се намалуваат согласно пресметаните проценти дадени во Прилогот 3 на овој правилник.

Доколку несообразноста повторно се евидентира во текот на контролата на земјоделското стопанство, во годината што следи, по годината кога била утврдена несообразноста со намера, земјоделското стопанство целосно се исклучува од директните плаќања за таа година, а за секоја наредна несообразност земјоделското стопанство се исклучува од директните плаќања согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

Член 6

Овој правилник престанува да важи со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европска Унија.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 29-4773/1 | Министер за земјоделство, |
| 30 април 2024 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Николовски,** с.р. |

ПРИЛОГ 1

## Висина на процентуалното намалување на директните плаќања во случај на утврдена несообразност по прв пат со посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина

Одделни кратенки употребени во прилог го имаат следното значење:
М: утврдена несообразност од помал обем
С: утврдена несообразност од среден обем
Г: утврдена несообразност од голем обем
РП [рано предупредување]: несообразност од помал обем што може да се санира

1. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на почвата

### 1.1 Минимална покриеност на површината на земјоделското земјиште

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Минимално покривање на површината | На земјоделското земјиште неопходно е да му се осигура соодветна снабденост со јаглерод во почвата. | За да се осигура соодветна залиха од јаглерод и да се спречи ерозија, земјоделската површина се покрива со растенија, стрништа и мулч во текот на вегетативниот период, освен помеѓу орањето и изртувањето. Во текот на зимскиот период, земјоделската површина се покрива со стрништа, мулч или се остава неизорана. Зимското орање е дозволено само кога е неопходно и во согласност со добрата земјоделска пракса. | Покривката врз површината на земјоделското земјиште се одржува во текот на целата година во согласност со вообичаените земјоделски методи | 1<br><br>Голите површини претставуваат до заклучно 0,1 ha од вкупното земјоделско стопанство | 3 | |

### 1.2 Спречување на обраснување на обработливото земјоделско земјиште со непожелна вегетација

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Одвраќање на инвазивните неавтохтони растителни видови. | Спречено е ширењето на неавтохтоните растенија со инвазивен потенцијал | Земјоделците мора да спроведуваат мерки низ целото земјоделско стопанство за да се ограничи ширењето на неавтохтоните видови со инвазивен потенцијал.<br>Во овие мерки спаѓаат: отстранување по пат на искоренување, косење, напасување, изорување и на други начини (употреба на хербициди) за да се спречи нивното ширење.<br>Попис на неавтохтони видови со инвазивен потенцијал на коишто се однесува барањето:<br>– Rudbeckia laciniata; lat:<br>– Solidago canadensis; lat:<br>– Solidago gigantea; lat:<br>– Erigeron annuus; lat:<br>– Ambrosia artemisifolia; lat:<br>– други инвазивни видови утврдени со националните прописи | На земјоделското земјиште се преземаат мерки за да се ограничи ширењето на неавтохтоните растенија со инвазивен потенцијал. | 1 (РП)<br><br>Вкупната површина на неавтохтоните растенија со инвазивен потенцијал врз кои не се преземаат мерките претставува до заклучно 0,1 ha од вкупното земјоделското стопанство | 3 | / |

## 1.3. Одржување на насадите со повеќегодишни култури

| Постапка | | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | М | С | Г |
| Одржување на нивите со повеќегодишни култури | | Насадите со повеќегодишните култури (лозови, овошни и маслинови) се одржуваат во добра вегетативна состојба | На нивите со повеќегодишни култури се изведуваат минимални „земјоделски активности“, каде што земјоделска активност подразбира:<br>- производство или одгледување на земјоделски производи, вклучително и жнеење<br>- одржување на земјоделската површина во состојба погодна за производство без подготвителни активности, покрај вообичаените земјоделски техники и механизација | На нивите со повеќегодишни култури на годишна основа се изведуваат минимални земјоделски активности, што подразбира:<br>- а) косење, мулчирање, орање и други техники на обработка на меѓуредовото растојание најмалку еднаш во тековната година до 15-ти октомври<br>- б) кроење на крошната на дрвцата и лозовите насади најмалку еднаш во тековната година | 1 (РП)<br><br>Во случај кога нема да се исполни барањето од точка б).Или кога барањето од точка а) нема да се исполни, на површина до заклучно 0,1 ha од вкупното земјоделско стопанство | 3<br><br>Во случај кога барањето од точка а) нема да се исполни на површина поголема од 0,1 ha | / |

## 1.4 Минимално обработување на земјоделски површини согласно карактеристиките на земјиштето заради спречување на ерозија

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Минимално управување со земјиштето кое одговара на специфичните услови, со цел ограничување на ерозијата на земјиштето | Земјоделското земјиште треба да се обработува на начин што да се минимизира ерозијата на почвата, а истовремено треба да се применуваат агротехнички мерки со кои се намалува нејзиниот ефект. | Минимално управување со земјиштето значи спроведување на најнеопходните мерки во согласност со соодветната технологија, особено со цел да не се деградира земјиштето (ерозија, набивање, загадување) со несоодветна технологија. Ерозија на почвата подразбира распаѓање и разместување на почвените честици поради дејството на водата или ветрот врз почвата. Кога се планира заштитата на почвата од ерозија, предвид мора да се земат наклонот на земјоделското земјиште, неговата изложеност на дејството на водата или ветерот, како и времето и начинот на обработка на почвата (покрај другите фактори). Со орање по изохипси попречно на наклонот на теренот, земајќи го предвид соодветното време на орањето, во значајна мера може да се спречи ерозијата од вода. | Зачувување на терасите за заштита од ерозија.<br><br>Во периодот помеѓу 15-ти ноември и 15-ти февруари, на обработливото земјиште со среден наклон од 15% или повеќе, неопходно е да се преземе најмалку една од следниве мерки:<br>- да се ора вертикално на наклонот,<br>- да се задржи стрништето на нивата, или<br>- да се одржува зеленилото | / | 3 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | При обработка на почвата, неопходно е да се земе предвид влажноста на почвата. Длабочината на трагите од тркалата на поголемиот дел од земјоделското земјиште не смее да надмине 20 cm. | Набивањето на почвата најчесто е резултат на прекумерна употреба на земјоделската механизација во погрешно време. Чувствителноста на почвата кон набивањето се зголемува со поголема содржина на глина во неа и несоодветен состав на посевите (монокултура и кратко време на плодоред). За да се спречи набивањето на почвата, предвид треба да се земат употребата на погодна земјоделска механизација при погодни почвени услови, плодоред, различни длабочини на орањето согласно потребите на растенијата, повремено длабинско растресување и одржување на одводнувањето. | Не се гледаат очигледни траги од неправилна употреба на механизацијата врз земјоделското земјиште. | / | 3 | / |

## 1.5 Управување со жетвени остатоци

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Забрана за спалување на стрништата на обработливо земјиште, освен за заштита на здравјето на растенијата, кога земјоделците имаат дозвола или добиле наредба од Фитосанитарна управа или државниот фитосанитарен инспектор | Жетвените остатоците на обработливото земјиште не смеат да се спалуваат. | Жетвените остатоци се богат извор на органски материи, кои се од суштинско значење за плодноста на почвата. Добрата земјоделска пракса налага правилно да се постапува со жетвените остатоци, како и тие да се заоруваат и внесат во почвата. Жетвените остатоци може да се користат и како подна покривка за животните во шталите и да се вратат во почвата во форма на арско ѓубриво. Стрништата и сламата после жетвата на житарки, маслодајна репка или пченка се сметаат за жетвени остатоци. | Жетвените остатоци на обработливото земјиште не се спалуваат и не се гледаат очигледни траги од горење. | / | 3 | / |

## 1.6 Анализа на хемиските својства на почвата и примена на ѓубрива согласно потребите за хранливи материи во почвата

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Анализата на почвените својства на секои пет години и планот за ѓубрење се задолжителни за обврзниците наведени во точка 1.6 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина. | Заштита на водата од загадување со нитрати кои потекнуваат од земјоделските активности. | Анализата на почвените својства на секои пет години се врши за земјоделските парцели поголеми од 0,3 ha од страна на акредитирани лаборатории или релевантни институции. Врз основа на резултатите од анализата, а според својствата на почвата, секоја година се подготвува соодветен план за ѓубрење од страна на советодавното тело во земјоделството. Планот за ѓубрење изработен врз основа на неважечка или застарена анализа на почвените својства се смета за неважечки, | Од обврзниците наведени во точка 1.6 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина. се бара:<br>- Да имаат валидна анализа на почвените својства во рамки на секој 5-годишен период.<br>- Да имаат валиден план за ѓубрење за секој вегетативниот период. | / | 3 | / |

## 2. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на водата

## 2.1 Копање површински бунар во области каде што постојат хидро-мелиоративни системи

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето |
|---|---|---|---|---|
| Не е дозволено копање површински бунар во област опремена со хидромелиоративни системи без претходна дозвола од надлежните органи. | Одржлива употреба на водните ресурси и намалување на употребата на водата. | Подземните води се важен извор на технолошка вода за индустријата и на вода за наводнување во земјоделството. Со цел да се зачува водата, потребна е дозвола пропишана со Законот за заштита на водите за да се ископа нов бунар во област којашто е веќе опремена со постоечки хидромелиоративен систем. | Во област опремена со постоечки хидромелиоративен систем, не е дозволено копање нови бунари без дозвола<br>Доколку е потребен, новиот бунар може да се ископа само со претходна дозвола од надлежните органи<br>Ново ископаниот бунар се гради во согласност со податоците од дозволата | Доколку бунарот се изгради без дозвола, или начелно не е во согласност со дозволата, се применува намалување од 5%<br><br>Доколку бунарот се изгради и покрај тоа што дозволата била одбиена од страна на надлежните органи, се применува намалувањето од Прилог 3 |

## 2.2 Користење на вода од систем за наводнување

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Условите (од договорот) за употреба на водата од постоечкиот систем за наводнување треба да се исполнат пред да се почне со употребата.<br><br>Забранети се активности коишто може да влијаат врз функционалноста на постоечките хидромелиоративни системи, како што е наведено во точка 2.2 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина | Одржлива употреба на водните ресурси и намалување на употребата на водата. | Корисникот којшто сака да го наводнува своето земјоделско земјиште користејќи го постоечкиот систем за наводнување треба да поднесе барање за дозвола за користење на водата или да склучи договор со органот надлежен за водостопанство пред да ја употреби водата. Инфраструктурата на хидромелиоративниот систем треба да се заштити и не се дозволени никакви активности што може да го попречат протокот на водата. | Договорот за користење на водата мора да влезе во сила пред приклучување на системот за наводнување.<br><br>Заштитена е инфраструктурата на хидромелиоративниот систем. | 1<br><br>Доколку водата од системот за наводнување се користи на површина до или еднаква на 0,1 ha | 3<br><br>Доколку водата од системот за наводнување се користи на површина поголема од 0,1 ha | 5<br><br>Доколку инфраструктурата на хидромелиоративниот систем се оштети ненамерно, се применуваат мерките од Прилог 2<br><br>Доколку инфраструктурата на хидромелиоративниот систем се оштети намерно, се применуваат мерките од Прилог 3 |

## 2.3 Заштита на водите од нитратите од земјоделството

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Заштитата на водите од нитрати од земјоделството се врши како што е предвидено во точката 2.3 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина | Заштита на водните тела и подземните води од нитрати | Ограничувањата и барањата поврзани со минералните ѓубрива што содржат азот и органското ѓубриво се почитуваат како што е предвидено во точката 2.3 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, со кој се уредуваат следниве теми:<br>• Области и ограничување на наклонот кога примената на таквите ѓубрива не е дозволена<br>• Површински услови на земјоделското земјиште кога не е дозволена | Минералните ѓубрива што содржат азот и органските ѓубрива не се користат во рамките на заштитните појаси околу недозволените водни површини или извори на вода | 1<br>До 20% заштитен појас | 3<br>Од 20% до 80% заштитен појас | 5<br>Над 80% заштитен појас |
| | | | Течното органско ѓубриво не се користи на површини со наклон еднаков или поголем од 20% | / | 3 | 5<br>Во заштитени зони на водните тела |
| | | | Минералните ѓубрива што содржат азот и органските ѓубрива не се користат на поплавени површини, површини заситени со вода, покриени со снег и замрзнати површини | / | 3 | 5<br><br>Во заштитени зони на водните тела |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | примената на таквите ѓубрива<br>• Привремено складирање на органските ѓубрива и силажа во бали<br>• Горна граница на количеството азот што се произведува во земјоделското стопанство лоцирано во заштитена зона за водите<br>• Складишта за органски ѓубрива<br><br>Земјоделското стопанство треба да ја комплетира евиденцијата за количината на азот внесена на земјоделските површини во заштитените зони најдоцна до 30 април за примена на азотот во претходната календарска година.<br><br>Земјоделското стопанство што не користи свое сопствено органско ѓубриво или има вишок од него, ја чува документацијата за давање, купопродажба или примање на органските ѓубрива и за секој друг промет со другите земјоделски стопанства или со компаниите за производство на биогас или компост. | Привременото складирање на органските ѓубрива и силажа во бали не се врши во рамките на 10 m заштитен појас од брегот на водните тела или 25 m заштитен појас од изворите на вода и бунари | / | 3 | 5<br><br>Во заштитени зони на водните тела |
| | | | Не се надминува горната граница на количеството азот што се произведува и користи во земјоделското стопанство лоцирано во поширокото подрачје на заштитена зона за вода за пиење | 1<br><br>Надминување до 5% | 3<br><br>Надминување од 5% до 20% | 5<br><br>Надминување над 20% |
| | | | На земјоделските стопанства кои одгледуваат повеќе од определен број животни изградени се складишта за органското ѓубриво коишто ги исполнуваат техничките спецификации | 1<br><br>Нема протекување, но до 10% недоволен капацитет | 3<br><br>Нема протекување, но од 10% до 50% недоволен капацитет | 5<br><br>Има протекување, или над 50% недоволен капацитет Недоволен капацитет |
| | | | Во земјоделското стопанство комплетирана е евиденцијата за употреба на азот на земјоделските парцели најдоцна до 30 април за примена на азотот во претходната календарска година | 1 (РП)<br><br>Евиденцијата не се ажурира редовно | 3<br><br>Евиденцијата не постои | 5<br><br>Внесот на азот е надминат во заштитени зони за водните тела |
| | | | Земјоделското стопанство коешто врши промет (давање, купопродажба или примање) на органско ѓубриво, води евиденција за прометот со наведување на количеството азот. | / | 3 | / |

## 2.4 Заштита на подземните води од загадување со испуштање на супстанции

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Неопходно е да се заштитат подземните води од опасните супстанции (наведени во точката 2.4 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина и да се спречи нивното испуштање во водотеците и подземните води | Заштита на водите од опасните супстанции | Опасните супстанции, како што се минералните подмачкувачи, горива, моторни масла, фитофармацевтски производи, медицински/ветеринарни производи не смеат да се испуштаат во животната средина. | Нема видливи траги од испуштање на опасни супстанции. | 1<br><br>Доколку се испуштен и мали количества од овие производи (до 0,5 l) | 3<br><br>Доколку испуштеното количество е поголемо од 0,5 l | 5<br><br>Доколку испуштањето е присутно во определената заштитена зона за водни тела |
| | | Фитофармацевтски производи, медицинските/ветеринарните средства што се користат во земјоделското стопанство се складираат во обезбедени магацини одвоени од другите производи и не им се достапни на децата и животните. | На земјоделското стопанство каде што се користат фитофармацевтски производи, медицински/ветеринарски средства, постои обезбеден магацин во кој производите безбедно се складираат. | 1 (РП)<br><br>Доколку на земјоделското стопанство постои магацин, но во него не се складирани сите производи | 3<br>Доколку нема магацин, но производите се складираат на начин што не е достапен за децата и животните | 5<br>Доколку нема магацин, а производите се складираат на начин што не достапен за децата и животните |
| | | Празната амбалажа од фитофармацевтски производи, медицинските/ветеринарните средства и нивните остатоци не се фрлаат во животната средина, туку им се предаваат на надлежните служби | Не се видливи траги од празна амбалажа од опасни супстанции. | 1<br><br>Мал број празни пакувања (до 3) | 3<br><br>Повеќе од 3 празни пакувања, или помалку од 3, но не се целосно испразнети | 5<br><br>Повеќе од 10 празни пакувања или помалку од 10, а повеќе од 3, но не се целосно испразнети |
| | | Водата што се користи за промивање на животните или чистење на изметот и другата отпадна вода не се испушта во водните тела или подземните води без дозвола од надлежните органи. | Потребна е дозвола од надлежните органи пред да се испушти каква било отпадна вода во водните тела | / | Доколку испуштањето се врши без дозвола, се применуваат намалувањата од Прилог 2 | Доколку испуштањето се врши и покрај тоа што дозволата била одбиена од страна на надлежните органи, се применуваат намалувањата од Прилог 3 |

3. **Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса при употреба на фитофармацевтски производи**

## 3.1 Избор и примена на фитофармацевтските производи

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Само одобрените фитофармацевтски производи (согласно Листата на одобрени фитофармацевтски производи) може да се користат, на начин како што е предвидено во упатството на производот. Фитофармацевтски производи се користат на начин што ќе овозможат заштита на водата за пиење и пчелите. | Намалување на влијанието на фитофармацебтски производи врз водата и пчелите. | За заштита на растенијата, се користат само одобрените средства согласно упатството за производот. Средствата чијшто рок на употреба истекол се третираат како неодобрени производи. | Не се видливи траги (амбалажа) од неодобрени производи или не се користени производи чијшто рок на траење истекол. | / | 3<br><br>Употребата на одобрени фитофармацевтски производи не е во согласност со упатствата | 5<br><br>Користење на неодобрени фитофармацевтски производи |
| | | Фитофармацевтските производи не се користат во рамките на заштитниот појас од 10 m околу изворите на вода или на брегот на водните тела | Се почитува заштитниот појас од 10 m | 1<br><br>До 1 m | 3<br><br>Од 1 m до 7 m | 5<br><br>Од 7 m до 10 m |
| | | Фитофармацетските проиозводи коишто се декларирани како опасни за пчелите, не се користат во фазата на цветањето општо. Во случај на исклучителни околности, може да се користат само контактни (а не систематски) Фитофармацевтски производи кои остануваат на површината на растението и влијаат врз штетните организми, а не се апсорбираат во растението, и тоа ноќе (најмалку 2 часа после зајдисонце, и 2 часа пред изгрејсонце) | Во фазата на цветањето, не се користат опасни фитофармацевтски производи | / | 3<br><br>Во случај кога се користат опасни производи за пчелите во текот на забранетиот временски период, а во регионот не се пријавени здравствени проблеми кај пчелите | 5<br><br>Во случај кога се користат опасни производи за пчелите во текот на забранетиот временски период, а во регионот се пријавени здравствени проблеми кај пчелите (Прилог 2) |
| | | Пред примената на фитофармацевтските производи што се декларирани како опасни за пчелите, земјоделците мора да ги известат пчеларите во рамките на 2 km заштитен појас за времето и местото на нивна примена | Сите пчелари во рамките на 2 km заштитен појас однапред се информирани за времето и местото на примена на фитофармацевтски производи | 1<br><br>Само доколку сè уште не е изврше на примената | 3<br><br>Во случај кога се користат опасни производи за пчелите без претходна најава, а во регионот не се пријавени здравствени проблеми кај пчелите | 5<br><br>Во случај кога се користат опасни производи за пчелите без претходна најава, а во регионот се пријавени здравствени проблеми кај пчелите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Земјоделците кои применуваат фитофармацевтски производи мора да водат писмена евиденција, како што е предвидено со законот, за:<br>• набавка на средството (вид, количество)<br>• употреба на средството (вид, количество, локација, датум, опрема)<br>• преостаната залиха (вид, количество) | Евиденцијата на фитофармацевтски те производи е присутна на земјоделското стопанство и редовно се ажурира | 1 (РП)<br><br>Евиденцијата е присутна, но не се ажурира редовно | 3<br><br>Евиденцијата е присутна, но не се ажурира редовно повеќе од 2 години | 5<br><br>Евиденцијата не е присутна, или не била ажурирана повеќе од 2 години |

## 3.2 Мониторинг на болести кај растенијата

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Редовен мониторинг на посевите и на здравствената состојба на растенијата, и известување до надлежните органи во случај на појава наштетни организми кај растенијата епидемија на опасни болести или штетници кај растенијата Инструкциите на надлежните органи мора строго да се следат | Редовен мониторинг на здравствената состојба на растенијата во земјоделското производство | Раното откривање на присуството на опасните болести и штетниците кај растенијата (штетните организми) е од суштинско значење за преземање брза и ефективна акција за нивно локализирање и брзо искоренување во случај на нивна појава или епидемија<br><br>Затоа, потребен е мониторинг за да се следи и утврди присуството или преваленцата на одредени карантински или нови потенцијално опасни болести и штетни организми | Здравствената состојба на посевите и насадите редовно се следи и проверува.<br><br>На фармата се води евиденција за секоја проверка. | 1<br><br>Евиденцијата е присутна, но не се ажурира редовно | 3<br><br>Евиденцијата е присутна, но не се ажурира редовно повеќе од 2 години | 5<br><br>Евиденцијата не е присутна, или не била ажурирана повеќе од 2 години |

## 3.3 Заштита на здравјето на луѓето при примена на фитофармацевтски производи

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Безбедносните мерки за примена на фитофармацевтски производи се почитуваат<br><br>Се користи соодветна заштита опрема при ракување со фитофармацевтски производи | Заштита на здравјето на луѓето при примена на фитофармацевтски производи | Примената на фитофармацевтски производи може да се врши само при суви временски услови без ветар, со цел да се спречи нивното ширење на соседните парцели | Фитофармацевтски производи се користат само при суви временски услови без ветар или со слаб ветар | 1<br><br>Само дожд | 3<br><br>Средно силен ветар или дожд | 5<br><br>Силен ветар или дожд |
| | | Примената на фитофармацевтски производи не е дозволена на растојание од најмалку 20 m од пчелните кошници/сандаци, градинки, училишта, детски и спортски игралишта, здравствени установи, старечки домови или слични објекти | Фитофармацевтски производи не се користат во рамките на заштитен појас од 20 m | 1<br><br>До 2 m | 3<br><br>Од 2 m до 14 m | 5<br><br>ОД 14 m до 20 m |
| | | Доколку Фитофармацевтските производи се прскаат со тракторска прскалка, таквиот уред мора редовно да се проверува пред да се употреби (да не протекува, перформансите на млазницата) | Опремата за прскање редовно се проверува и се осигурува правилна функционалност | 1<br>Перформансите на млазницата не се во ред | 3<br><br>Присутно е мало протекување | 5<br><br>Присутно се обилно протекување и други неправилности |
| | | Се користи соодветна заштитна опрема како што е предвидено во точката 2.3 од Прилогот кон Правилникот за листата на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина | Соодветна заштитна опрема | 1<br><br>Доколку не постои или не се користи опрема со рачна или грбна прскалка | 3<br><br>Доколку не постои и или не се користи опрема со тракторска прскалка | / |

## 4. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на почвата

### 4.1 Идентификација, регистрација и пријавување на движењето на животните

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Земјоделските стопанства на кои се држат или одгледуваат животни, како што се: говеда, овци, кози, свињи и пчели се должни да обезбедат идентификација на животните и нивна регистрација во Централната електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животни, да ги пријават сите промени на овластеното ветеринарно друштво, да водат евиденција за животните на земјоделското стопанство, и да ги евидентираат сите промени поради купопродажба, преместување или смрт на животните | Идентификација и регистрација на животните на земјоделското стопанство | Земјоделското стопанство кое започнува да држи или одгледува животни, како што се: говеда, овци, кози, свињи и пчели мора да се регистрира во Централната електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животни најдоцна 30 дена по пристигнувањето на животните на земјоделското стопанство. | Земјоделското стопанство е регистрирано во Централната електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животни | / | 3 | / |
| | | Телињата, јагнињата и јарињата се обележуваат со ознаки на ушите, како што е уредено со закон, што е можно порано, и не подоцна од (по раѓањето):<br>Телиња: 20 дена<br>Јагниња: 6 месеци (9 месеци за одгледување на отворено)<br>Јариња: 6 месеци (9 месеци за одгледување на отворено)<br>Прасиња: пред заминување од земјоделското стопанство | Животните се обележуваат како што се бара согласно закон | | | |
| | | | Говеда | **(РП)**<br>Едно животно без една ознака на ушите | 3 | 5 |
| | | | | **1** | | |
| | | | | **До вкупно 3 животни**<br>Едно необележано животно | Повеќе од едно необележано животно | / |
| | | | | **Вкупно 4 или повеќе животни**<br>До 5% или едно необележано животно | Од 5% до 30% необележани животни или повеќе од едно | Повеќе од 30% необележани животни |
| | | | Овци / кози | **(РП)**<br>Едно животно без една ознака на ушите | | |
| | | | | **1** | | |
| | | | | **До вкупно 10 животни**<br>Едно необележано животно | Од 10% до 30% необележани животни или повеќе од едно | Над 50% необележани животни или повеќе од едно |
| | | | | **Вкупно 11 или повеќе животни** | Од 10% до 30% | Повеќе од 30% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | До 10% од необележаните животни | необележани животни или повеќе од едно | необележани животни |
| | | | Свињи | **До вкупно 10 животни** Едно необележано животно **(РП)**<br><br>**Вкупно 11 или повеќе животни**<br><br>До 10% од необележаните животни | Од 10% до 50% необележани животни или повеќе од едно<br><br>10-30% необележани животни | Над 50% необележани животни или повеќе од едно<br><br>Повеќе од 30% необележани животни |
| | | Регистарот на говеда, овци, кози, свињи и пчели редовно се води на земјоделското стопанство, ги содржи информациите за тековната бројност на животните, хронолошката евиденција за пристигнувањето и заминувањето на животните од стопанството, и повторното обележување на животните и промените поради смрт на животните, согласно закон. | Регистарот на животните на земјоделското стопанство редовно се ажурира | 1 (РП)<br><br>Регистарот не се ажурира редовно | 3<br><br>Регистарот на животни не постои или воопшто не се ажурира | / |
| | | Промените се пријавуваат врз основа на договорот помеѓу одгледувачот и ветеринарното друштво во Централната електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животни | Промените се пријавуваат редовно, како што се бара согласно закон. Процентот на неправилностите се пресметува како: број на неправилност / број на настани * 100, каде што под настан се подразбира секое поединечно пристигнување/заминување на животното, колење, или смрт на животното | 1<br><br>До 25% неправилности до 2 недели задоцнување | 3<br><br>Над 25% неправилности 2 недели до 6 месеци задоцнување | 5<br><br>Над 25% неправилности над 6 месеци задоцнување |
| | | Одгледувачот мора да ја чува документацијата поврзана со идентификација на животните, нивната регистрација, пристигнување и заминување, и смрт, како и документите поврзани со регистрацијата во Централната електронска база на податоци во рокот предвиден со закон | Сета потребна документација се чува на земјоделското стопанство во рокот предвиден со закон | 1<br><br>Недостасува документацијата за до 10% животни | 3<br><br>Недостасува документацијата за 10% до 30% животни | /<br><br>Недостасува документацијата за над 30% животни |

## 4.2 Спроведување на мерки за заштита на здравјето на животните

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Животните на земјоделското стопанство се третираат согласно Програмите за сузбивање и искоренување на заразни болести и Годишната наредба за здравствена заштита на животните | Заштита на здравјето на животните | Врз животните на земјоделското стопанство се врши редовен мониторинг на нивното здравје и се третираат со мерки за здравствена заштита согласно Програмите за сузбивање и искоренување на заразни болести и Годишната наредба за здравствена заштита на животните<br>На земјоделското стопанство се осигурува правилна употреба на адитиви во храната и ветеринарски медицински средства.<br>Се советува да се врши и мониторинг на внатрешните и надворешните паразити кај животните и животните редовно да се лекуваат.<br><br>Се чува сета документација поврзана со добиените услуги за заштита на здравјето на животните. | На земјоделското стопанство се чува документацијата и регистарот на мерки за заштита на здравјето на животните спроведени од страна на земјоделецот, како и за ветеринарното лекување | 1<br><br>Не постои регистар на мерки за заштита на здравјето на животните спроведени од страна на земјоделецот | 3<br><br>Не постои документација за ветеринарно лекување или едно животно угинато поради занемарување. | 5<br><br>Сериозно занемарување на здравствената грижа за животните кое довело до смрт на поголем број животни |

## 4.3 Контрола на заразните болести кај животните

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Земјоделците кои одгледуваат говеда, овци, кози, свињи, пчели, живина и други животни преземаат мерки за спречување на ширењето на заразните болести кај животните | Спречување на ширењето на заразните болести кај животните. | Во случај на знаци кои укажуваат дека животното е заболено или кои укажуваат на присуство на заразни болести, одгледувачот мора веднаш да преземе мерки и да го одвои животното од здравите животни и да спречи нивен контакт Одгледувачот мора веднаш да го извести овластеното ветеринарно друштво кога ќе се појават знаци на заразна болест или кога постои сомневање за тоа. Одгледувачот мора да ги почитува мерките пропишани од ветеринарот. | Земјоделците ги почитуваат мерките за спречување на ширењето на заразните болести кај животните | / | 3<br><br>Инфицираното животно не е изолирано, тука се применува Прилог 2 | 5<br><br>Ветеринарното друштво не било известено или било известено со задоцнување, тогаш се применува Прилог 3 |

## 4.4. Оцена на влијанието врз животната средина од одгледувањето животни

| Постапка | Мерка | Насоки | Барања | Процент на намалување на плаќањето | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | С | Г |
| Земјоделското стопанство на кое се одгледува поголем број животни е должно да направи анализа (елаборат) за оцена на влијанието врз животната средина. | Оцена на влијанието врз животната средина од одгледувањето животни | Анализата (елаборатот) од оцена на влијанието врз животната средина треба да се направи пред да се започне со животинското производство на земјоделското стопанство коешто има број на места за следниве животни еднаков или поголем од:<br>Несилки: 20,000<br>Бројлери: 40,000<br>Свињи (над 30 kg): 1,000<br>Маторици: 350 | Одгледувачот има оцена на влијанието врз животната средина и сите барања од документот се почитуваат. Одгледувачот исто така располага и со документација од локалните надлежни органи за тековно спроведување на наодите од оцената на влијанието врз животната средина. | 1<br><br>Помали неправилности, без влијание врз животната средина | 3<br><br>Средни неправилности | 5<br><br>Издадена конечна законска наредба |

ПРИЛОГ 2

## Табела за одредување на степенот на намалување на директните плаќања врз основа на занемарување

| Намерност | Зафатена област | Сериозност | Времетраење | Процент на намалување | Процент за прво, второ и трето повторување на несообразноста |
|---|---|---|---|---|---|
| Ненамерно / занемарливо | Несообразност која има влијание само врз земјоделското стопанство | Мала | Поправливо | 1 | За иста неправилност што се повторува по прв, втор и трет пат, се применува претходниот процент на намалување на плаќањето и се помножува со три. Во овој случај, не се зема предвид зафатената област, сериозноста и времетраењето. Доколку процентот на намалување на плаќањето по множењето со три постигне или надмине 15%, намалувањето на плаќањето се ограничува на 15%. |
| | | | Трајно | 3 | |
| | | Средна | Поправливо | 3 | |
| | | | Трајно | 3 | |
| | | Висока | Поправливо | 3 | |
| | | | Трајно | 5 | |
| | Несообразност која има влијание надвор од земјоделското стопанство | Мала | Поправливо | 1 | |
| | | | Трајно | 3 | |
| | | Средна | Поправливо | 3 | |
| | | | Трајно | 5 | |
| | | Висока | Поправливо | 5 | |
| | | | Трајно | 5 | |

ПРИЛОГ 3

## Табела за одредување на степенот на намалување на директните плаќања врз основа на намерно прекршување

| Намерност | Зафатена област | Сериозност | Времетраење | Процент на намалување | 1-во повторување | Наредно повторување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Намерно | Несообразност која има влијание само врз земјоделското стопанство | Мала | Поправливо | 20 | Претходен процент на намалување X 3 (но не повеќе од 100%) | 100% |
| | | | Трајно | 25 | | |
| | | Средна | Поправливо | 30 | | |
| | | | Трајно | 35 | | |
| | | Висока | Поправливо | 40-100 | | |
| | | | Трајно | 50-100 | | |
| | Несообразност која има влијание надвор од земјоделското стопанство | Мала | Поправливо | 30 | | |
| | | | Трајно | 40 | | |
| | | Средна | Поправливо | 45 | | |
| | | | Трајно | 55 | | |
| | | Висока | Поправливо | 60-100 | | |
| | | | Трајно | 75-100 | | |